РЕАКТОР
истражување во акција

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2019 ГОДИНА

Во 2019 година, активностите на Реактор беа спроведувани во согласност со програмските определби и цели, како и во согласност со одобрените проекти. Во овој извештај се претставени спроведените проекти во годината која изминува.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**EU застапување**
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** Јануари 2019-Декември 2020
**ДОНАТОР:** ФОНДАЦИЈА KVINNA TILL KVINNA

Целта на овој проект е да се зголеми видливоста на женските човекови права во процесот на пристапување кон ЕУ, како и да го зголеми учеството на женските организации на сите нивоа на јавни политики. Во рамките на проектот континуирано се остваруваат студиски и застапувачки посети во Брисел. Реактор добива поддршка во рамки на проект на КТК кој има за цел да ги подготови женските организации од Западен Балкан за понатамошно застапување и лобирање со различни чинители на ниво на ЕУ и на национално ниво. Во таа насока, беа реализирани средби со претставници од Европскиот Парламент, European External Action и Генералниот Директорат за соседски политики и проширување. Дополнително беше доставен коментар на Извештајот за напредок 2018 година до ДЕУ, Европскиот Парламент и Генералниот Директорат, а беше подготвен придонес за извештајот на ЕУ за напредокот на Македонија за тековната година (2019).

**Платформа за родова еднаквост**
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** континуирано
**ДОНАТОР:** Kvinna till Kvinna

**Мобилизирање за родова еднаквост**
**ВРЕМТРАЕЊЕ:** Јулу 2017 – Јули 2019
**ДОНАТОР: USAID**

Во 2017 година, Реактор почна со спроведувањето на проектот мобилизирање за родова еднаквост. Фокусот на овој проект беше работа со општини и мобилизирање на локалните граѓанските организации за подобрување на родовата еднаквост и политиките на локално ниво. Во рамките на проектот во 2019 година се финализираше индексот за родова еднаквост на локално ниво (веб сајтот), се објави документот за јавни политики за споделено родителско отсуство, се изработи промотивен материјал (инфографици и материјали за промоција на татковско отсуство на социјални медиуми) и видео кое се спорелуваше на социјалните медиуми, и се организраше настан за споделено родителско отсуство каде се промовираа наодите од документот за јавни политики и се отвори дебата за предностите од воведување на споделено родителско отсуство и посебно непреносливо татковско отсуство. На настанот присуствуваа повеќе од 100 гости, беше одлично покриен медиумски, а како панелисти освен преставничките на Реактор учевствуваа и

министерката за труд и социјална политика (Мила Царовска), Бенџамин Перкс (UNICEF), татко кој користел татковско отсуство, висок преставник на USAID, како и професорка од Филозофски факултет. Овој проект опфаќаше и компонента на стратешки развој на капацитетите на организацијата, па така проценката на капацитетите на организацијата и областите за организациски развој, како и развојот на организациската стратегија беа завршени со делумна поддршка во рамките на овој проект. Овој проект беше прекинат ненадејно од страна на УСАИД, без соодветна најава и со исклучетелно краток период за преструктурирање на проектните активности и финансиските средства. Беа прекинати и дополнителни 10 проекти поддржани во рамките на CEP програмата, и уште 5 не беа воопшто отпочнати иако преговорите со организациите беа завршени, со што се нанесе значителна штета на граѓанското општество во земјата. Ваквата постапка на УСАИД и ЦЕП програмата беше оправдувана со комлетно менување на стратегијата на поддршка од страна на УСАИД, се исклучи секаква можност дека прекинувањето на проектите е резултат на работењето на организациите. Реактор доби два официјални документи со кои беше потврдено дека прекинувањето на проектот е исклучиво заради интерно менување на стратегијата за поддршка на УСАИД, а и доби писмо со препорака каде повторно се нагласуваат причините за прекинување на проектот и јасна препорака и потврда за успешното работење на организацијата и извршувањето на сите предвидени проектни активности во рамките на предвидените рокови. Со прекинувањето на овој проект организацијата успеа во краток рок да ги обезбеди дополнителни средства што се изгубија од буџетот со прекин на проектот, па така не се јавија финансиски загуби во работењето на организацијата. Дополнителните средства беа обезбедени преку истражувачки проект кој започна да се реализира со УНИЦЕФ во август 2019 година.

**Зајакнување на граѓанските организации во справувањето со дискриминацијата и унапредување на женските работнички права**
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 2018 – 2021**
**ДОНАТОР: ЕУ (Брисел)**

Во рамките на овој регионален проект Реактор го заврши регионалното истражување за родово базирана дискриминација на работното место во април 2019 година, и во истиот месец го промовираше извештајот на јавен настан и пред стручната јавност, релевантните институции (МТСП, Државен трудов инспекторат) бизнис сектор, синдикати и граѓанските организации. Во текот на годината се промовираа наодите од извештајот преку инфографици и factsheets на социјалните мрежи. Во рамките на овој проект беше поднесен документ со коментари и предлози за измени на нацрт законот за работни односи, со фокус на татковското отсуство и работничките на кои им се прекршува правото на користење на породилно отсуство со изигрување на законските регулативи. Во рамките на овој проект се изготви и регионалната студија за родово базирана дискриминација на работно место, а преставничка на Реактор беше дел од тимот кој ги престави наодите од регионалното истражување и имаше застапувачки средби со релевантните институции во Брисел (DG NEAR, Европски Парламент, Комитетот за економски и социјални политики на ЕУ и ср.). Во 2019 година исто така започна и процесот на регрантирање и доделување на грантови на организации во МКД и регионот кои ќе работат на промоција на заштитата од родово базирана дискриминација на работно место.

**Родово базирано насилство во јавен простор (Скопје)**
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 2018 – 2019**
**ДОНАТОР: UN WOMEN**

Во 2019 година се финализираше извештајот за родово базираното насилство во јавен простор, со регионски фокус на Скопје. Извештајот беше одобрен од UN Women и во првото тримесечје од 2020 година ќе биде преведен, испешатен и промовиран во согласност со потребите на UN Women.

**Зајакнување на учеството на граѓанските организации во ЕУ интегративните процеси**
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 2018 – 2019**
**ДОНАТОР: ЕУ (CFCD)**

Во јуни, 2019 година заврши успешната иимплементација на овој проект имплементиран во партнерство со шведската феминистичка фондација Kvinna till Kvinna – локална канцеларија Скопје. Во рамките на проектот во 2019 година беа реализирани 3 работилници за женски граѓански организации, беа остварени преку 6 застапувачки средби за вклучување на родовата перспектива во ЕУ процесите и работните тела поврзани со ЕУ интерација, а најинтезивните средби беа остварени со МТСП, ДЕУ и СЕП. Во рамките на овој проект се публикуваше и извештајот за имплементацијата на ГАП II во С. Македонија кој беше валидиран со државните институции, ГО и ДЕУ, и промовиран на завршниот настан на проектот, но и на застапувачките состаноци во Брисел во ноември 2019 година.

## МЛАДИ

**Национален младински совет**
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** /
**ДОНАТОРИ:** различни извори

Реактор е еден од основачите на НМСМ и учествува како активен член од неговото основање во 2013. Во 2019 година Реактор учествуваше во работата на НМСМ поинтензевно, со оглед на тоа што нашиот претставник беше и претседател на Управниот одборот до завршувањето на неговиот мандат оваа година. Во моментот нашиот претставник е член на Управниот одбор на НМСМ и член на работната група за подготовка на новиот Закон за младинско учество и младински политики.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**ГО Дијалог – Платформа за структурно учество во ЕУ интегративните процеси**
**ВРЕМТРАЕЊЕ: 2019 – 2021**
**ДОНАТОР: ЕУ**

Овој проект започна со реализација во април 2019 година, а Реактор го спроведува во партнерство ФООМ, Центар за граѓански комуникации и Евротинк. Работата на Платформата е насочена кон доближување на процесите за ЕУ интеграција до граѓанските организации, вклучување на граѓанските организации во структурата на преговарачкиот процес и надлежните тела и органи на државата, вклучување во програмирањето и следењето на реализацијата на програмите од ИПА, мониторирање на работата на секторските работни групи (СРГ), градење на капацитетите на граѓанските организации за вклучување во ЕУ интегративните процеси, како и

мерење на граѓанското учество и информираноста и ставовите на граѓаните за ЕУ и процесот на пристапување. Во рамките на овој проект оваа година се постави рамката на спроведување на проектот, Реактор ја изработи веб платформата која ги содржи сите информации во однос на работата на релевантните државни тела, институции и работни групи во однос на ЕУ интегративниот процес, а исто така е и платформа на која ГО се регистрираат за да можат редовно да ги следат сите информации поврзани со работата на секторските работни групи, надлежните институции, како и советот за соработка на ГО и Владата. Во рамките на овој проект годинава се реализираше и методологијата за следење на работата на секторските работни групи (СРГ) и се изготвија инструментите (прашалниците) за интервјуата и собирањето на податоците потребни за изготвување на мониторинг извештаите. Се официјализираа соработките и поддршката од институциите преку потпишување на меморандуми за соработка. Исто така, се одржа и првиот настан во рамките на проектот на кој учествуваа над 150 преставници на СРГ, граѓанските организации и релевантните институции. Овој настан беше искористен и како консултативна средба на СРГ и ГО, каде се дискутираа предизвиците и можностите за соработка и вклучување на ГО во наредниот период.

**Развој на интервентни мерки за подобрување на работната мотивација на предметните наставници во основните училишта и тестирање на нивните ефекти**
**ВРЕМТРАЕЊЕ: 2019 – 2020**
**ДОНАТОР: УНИЦЕФ**

Во 2019 година на покана на УНИЦЕФ, Реактор изготви предлог истражување со цел да се идентификуваат ефективни измени во постојната образовна пракса што ќе придонесат за зголемување на работната мотивација на наставниците, а со тоа и до унапредување на квалитетот на наставата и подобрување на успехот на учениците. Измените кои е предвидено да се пилотираат како интерветните мерки произлегуваат од претходни консултации со предметни наставници од шест статистички региони на нашата земја и претходно истражување на УНИЦЕФ реализирано од тим на експерти од Велика Британија. Во текот на 2019 година започнаа подготовките за реализирање на истражувањето: консултативните средби со предметни наставници, изготвување на инструментите кои се користат во рамките на самото истражување, добивање на одобрување за реализација на истражувањето од страна на МОН и селектираните училишта кои се дел од примерокот, ангажирање на теренски супервизори, како и реализација на пилотирањето на инструментите.